Република Северна Македонија
**Н О Т А Р**
**М-р МАРЈАН КОЦЕВСКИ**
К у м а н о в о
ул. "11 Октомври" бр.4
**триесетти мај две илјади дваесет и петта година**
**-30.05.2025-**

**ИЗВОД**
**ОДУбр.236/25**

**З А П И С Н И К**
**ОД СЕДНИЦА НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово**

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Јас Нотар Марјан Коцевски од Куманово, потврдувам дека денеска на ден триесетти мај две илјади дваесет и петта година, по писмена покана заведена под бр.02-295 од 28.04.2025 година, од Извршниот директор на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, со седиште во Куманово, ул."11-ти Ноември" бр.87А, *што е прилог на овој записник,* присуствував на седница на годишно собрание на акционери на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, со седиште во Куманово, ул."11-ти Ноември" бр.87А, во дванаесет часот, при што согласно член 4 и член 92 од Законот за нотаријатот и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговските друштва, го составив следниот: ------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ЗАПИСНИК**
**ОД СЕДНИЦА НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово**

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнување на седницата извршив увид во: ----------------------------------------------

- **Тековна состојба** Бр.0805-50/150020250208856 на ден 30.05.2025 (триесетти мај две илјади дваесет и петта) година, на Централен регистар на РСМ, електронски извод *што е прилог на овој записник,* утврдив дека Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, со седиште во Куманово, ул."11-ти Ноември" бр.87А, е запишано во Трговскиот регистар како АД со ЕМБС4028201, -------
- **Потврда за стечајна постапка** Бр.0806-50/150020250208857 на ден 30.05.2025 (триесетти мај две илјади дваесет и петта) година, на Централен регистар на РСМ, електронски извод, *што е прилог на овој записник*, утврдив дека за Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201 не се евидентирани податоци за отворена стечајна постапка, --------------
- **Потврда за ликвидациона постапка** бр.0807-50/150020250208858 на ден 30.05.2025 (триесетти мај две илјади дваесет и петта) година, на Централен регистар на РСМ, електронски извод, *што е прилог на овој записник*, утврдив дека за Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, не се евидентирани податоци за отворена ликвидациона постапка, **и ми беше доставено:** ----------------------------------------------------------------------------------------
- **Јавен повик** објавен во весникот Нова Македонија од 28.04.2025 (дваесет и осми април две илјади дваесет и петта) година, чија копија од страница единаесет целосна, *е прилог на овој записник,* а врз основа на Одлука за свикување на годишно Собрание на акционери, заведена под дел.бр.02-287 од 25.04.2025 (дваесет и петти април две илјади дваесет и петта) година, *што е прилог на овој записник,* со кој се објавува Јавниот повик заведен под дел.број.02-287/1 од 25.04.2025 година, *што е прилог на овој записник,* за учество на годишно собрание на акционери на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, на ден 30.05.2025 (триесетти мај две илјади дваесет и петта) година, со почеток од дванаесет часот.---------
- **Акционерска книга** на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, со состојба на ден 30.05.2025

(триесетти мај две илјади дваесет и петта) година, *е прилог на овој записник,* во која се евидентирани сите акционери на Друштвото со вкупен број на обични акции 491.000 (четиристотини девесет и една илјада) акции и толкав број на гласови, ---------------------
- **Список на присутни акционери на Собранието** закажано на ден 30.05.2025 (триесетти мај две илјади дваесет и петта) година, *што е прилог на овој записник,* а кој содржи: матичен број на присутниот акционер односно застапник на акционерите, име и презиме или назив на акционерот односно застапник на акционерите, број на акции со кои гласа акционерот лично, број на акции со кои гласа застапник на акционерот, вкупен број на акции-гласови и своерачен потпис на акционерот или застапник на акционерот, -----------------------------------------------------------------------------------------------
- **Полномошно бр.02-329 од 21.05.2025 година,** *што е прилог на овој записник*, со Известување бр. 02-329/1 од 21.05.2025 година, *што е прилог на овој записник*, **од акционерот Квалитет-Пром ДООЕЛ,** како имател на 257.087 (двестотини педесет и седум илјади осумдесет и седум) акции во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, ------------------------------
- **Полномошно бр.02-330 од 21.05.2025 година,** *што е прилог на овој записник*, со Известување бр.02-330/1 од 21.05.2025 година, *што е прилог на овој записник*, **од акционерот РАПИД БИЛД ДОО,** како имател на 44.905 (четириесет и четири илјади деветстотини и пет) акции во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, ----------------------------------------------
- **Полномошно бр.02-326 од 20.05.2025 година,** *што е прилог на овој записник,* со Известување бр.02-326/1 од 20.05.2025 година, *што е прилог на овој записник,* **од акционерот Ибраим Дураки,** како имател на 89 (осумдесет и девет) акции во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, -----------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од страна на претседавачот на собранието, даден ми е **комплетниот писмен материјал од ова собрание,** во кој се содржани сите предлог одлуки, кои се содржани во овој записник. -----------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Врз основа на увид во акционерската книга утврдив дека е изготвен список на присутни акционери на Собрание со право на глас, па утврдив дека на седницата на Собранието од вкупен број на иматели 1.504 (илјада петстотини и четири) и вкупен број на обични акции 491.000 (четиристотини деведесет и една илјада), по принцип една акција еден глас, од присутните застапувани се 302.258 (тристотини и две илјади двестотини педесет и осум) акции што претставува 61,56 % (шеесет и еден кома педесет и шест проценти) акции со право на глас.-------------**
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Седницата започна во 12:00 часот (дванаесет часот) --------------------------------------------

Седницата ја отвори претседавачот на претходното собрание Максимовиќ Јелена, која е полномошник на акционерот Дураки Ибраим, која посака успешна работа на редовното годишно собрание на акционери и наведе дека денешното собрание е закажано согласно ЗТД и по претходно донесена Одлука за свикување на Годишното Собрание, од страна на Одборот на директори на 25.04.2025 (дваесет и петти април две илјади дваесет и петта) година. По тоа, го предложи дневниот ред по кој треба собранието денеска да работи. Констатира дека се исполнети услови за одржување, па предложи да се пристапи кон работа по дневниот ред од процедуралниот дел. -----------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**-------------------------------- процедурален дел ------------------------------**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Т.1 Верификација на списокот на присутни акционери односно нивни полномошници;** ----------------------------------------------------------------------------------

Максимовиќ Јелена, како претседавач на последната седница на Собранието истакна дека согласно податоците добиени од стручната служба во врска со верификација на списокот на присутни акционери односно нивни полномошници, утврдено е дека од вкупно 491.000 (четиристотини деведесет и една илјада) акции со право на глас присутни се 302.258 (тристотини и две илјади двестотини педесет и осум)

акции што претставува 61,56 % (шеесет и еден кома педесет и шест проценти) акции со право на глас, од вкупниот број на акции претставувани од пет акционери или полномошници на акционери. Во врска со ова констатација, никој од присутните акционери немаше забелешки. ----------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Т.2. Утврдување на кворум за работа и одлучување на Собранието: ----------**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

По оваа точка, Максимовиќ Јелена како претседавач на последната седница на Собранието, истакна дека согласно член 383 став 1 од Законот за трговските друштва, Собранието може да одлучува само по прашања утврдени во дневниот ред и истакна дека врз основа на акционерска книга и список на присутни акционери кои ги застапуваат акциите, од вкупно 491.000 (четиристотини деведесет и една илјада) акции со право на глас присутни се 302.258 (тристотини и две илјади двестотини педесет и осум) акции што претставува 61,56 % (шеесет и еден кома педесет и шест проценти) акции со право на глас од вкупниот број на акции, по принцип една акција еден глас, па согласно ЗТД има кворум за работа и полноважно одлучување за сите работи за кои е овластено собранието. Во врска со ова констатација, никој од присутните акционери немаше забелешки.-----------------------------------------------------------------------------------

**Т.3. Избор на двајца бројачи на гласови; ---------------------------------------------**

Во врска со оваа точка, Максимовиќ Јелена, полномошник на акционерот Дураки Ибраим, како претседавач на последната седница на Собранието, истакна дека е потребно да се изберат двајца бројачи на гласови. По ова, за збор се јави акционерот Антевска Лидија и го предложи акционерот Витановска Валентина со МБ 1406965425020, родена на 14.06.1965 во Куманово, со живеалиште во Куманово, на ул.Моша Пијаде бр.62, за бројач на гласови. След тоа, за збор се јави акционерот Ристевска Јулијана и го предложи акционерот Антевска Лидија со МБ 0608963425005, родена на 06.08.1963 во Куманово, со живеалиште во Куманово, на ул.Никола Карев бр.26, за бројач на гласови. Во врска со ова, никој од другите присутни акционери немаше забелешки. ---------------------------------------------------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање и Собранието со 302.258 (тристотини и две илјади двестотини педесет и осум) гласа за, едногласно го усвои и ја донесе следната:-----------

**ОДЛУКА**

**За избор на бројачи на гласови**

---------------------------------------------------Член 1---------------------------------------------------

За бројачи на гласови на Собранието на акционери на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО се избираат лицата:----------------------------------------------------------------

1. Валентина Витановска-----------------------------------------------------------------------
2. Лидија Антевска.-----------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------Член 2---------------------------------------------------

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.-----------------

Оваа одлука потпишана од претседавачот *е прилог на овој записник,*. ----------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Т.4. Избор на Претседавач на Собранието на акционери: -------------------------**

Во врска со оваа точка, Максимовиќ Јелена како претседавач на последната седница на Собранието, истакна дека согласно член 395 став 2 од Законот за трговските друштва, Претседавачот на Собранието се избира за секое одделно Собрание, па според тоа потребно е да се избере претседавач на денешното собрание. По оваа, за збор се јави акционерот Витановска Валентина, и ја предложи Максимовиќ Јелена со МБ3103989425042, родена на 31.03.1989 година во Куманово, со живеалиште во Куманово, на ул.24 бр.15, за претседавач на собранието. ---------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање и Собранието со 302.258 (тристотини и две илјади двестотини педесет и осум) гласа за, едногласно го усвои предлогот и ја донесе следната: ---------------------------------------------------------------------------------------------------

**ОДЛУКА**

**За избор на Претседавач на Собранието на акционери**

---------------------------------------------------Член 1---------------------------------------------------

За Претседавач на Собранието на акционери се избира лицето Јелена Максимовиќ.-----------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------Член 2-------------------------------------------------

Мандатот на избраниот Претседавач трае до изборот на претседавачот на наредното Собрание кое што треба да биде одржано.-------------------------------------------
--------------------------------------------------Член 3-------------------------------------------------

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.-------------------------------
Оваа одлука потпишана од претседавачот, *е прилог на овој записник.* -----------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Т.4. Записникот ќе го води Нотар:** ------------------------------------------------------------

Во врска со оваа точка, претседавачот, Максимовиќ Јелена истакна дека бидејќи како записничар е повикан Нотар Марјан Коцевски од Куманово и истиот е присутен на досегашната работа, да не се избира записничар и оверувачи на записникот, туку согласно ЗТД да записникот го води Нотар Марјан Коцевски од Куманово. Исто така констатираше дека материјалите од точките на Дневниот ред заедно со предложените одлуки и обрасците за известување и гласање подготвени за преземање електронски од страна на акционерите согласно член 388-б од ЗТД беа објавени на веб страната на Фабриката. Претседавачот, предложи да согласно член 400 од ЗТД, Собранието да донесе одлука гласањето по сите точки од Дневниот ред да биде јавно. Во врска со ова, никој од другите присутни акционери немаше забелешки. ---------------------------------------
Предлогот беше ставен на гласање и Собранието со 302.258 (тристотини и две илјади двестотини педесет и осум) гласа за, едногласно го усвои.-------------------------------------

**По оваа, претседавачот констатираше дека во законски предвидениот рок од осум дена од денот на објавувањето на Јавниот повик не беа поднесени писмени барања за вклучување на нови точки во дневниот ред, па предложи да се премине кон работен дел на собрание.**------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**------------------------------------ работен дел ------------------------------------**

**Т.1 Разгледување и усвојување на Годишната сметка, Финансиските извештаи со Извештај на независниот ревизор, Годишниот извештај за работењето на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО за 2024 година и донесување Одлука;** ---------------------------------------------------------------------------------

Во врска со оваа точка од работниот дел на дневниот ред, претседавачот на Собранието истакна дека согласно член 383 и 384 од Законот за трговските друштва во надлежност на Собранието е да ја усвои и одобри Годишната сметка на друштвото, Финансиските извештаи со Извештај на независниот ревизор, Годишниот извештај за работењето на Фабриката за 2024 (две илјади дваесет и четврта) година и дека материјалите по оваа точка од дневниот ред беа објавени на официјалната интернет страница на Фабриката заради достапност на сите акционери за проучување и запознавање со истите, па отвори расправа по оваа точка. За збор се јави Извршниот директор Марија Ивановска Николовски, по што таа истакна:-----------------------------------

*"Почитувани акционери, полномошници на акционери, застапници на акционери и членови на Одбор на директори, накратко би сакала да Ви ја прикажам состојбата на Фабриката за деловната 2024 (две илјади дваесет и четврта) година.*------------------

*ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО во своето работење беше изложена на повеќе видови на ризици како што се: ризик од промена на девизните курсеви, пазарните вредности и цените, кредитен и каматен ризик. Пристапот на Друштвото во управување со финансиските ризици е насочен кон проценка на непредвидливоста на финансискиот пазар, следење на приливи и одливи на парични средства, поединечно следење на позначајни комитенти кои можат да влијаат на финансиската стабилност како и процедури за следење на посебни финансиски извори (банкарски кредити, заеми и сл).*------------------------------------------------------------------------------------

*За разлика од изминатите години кога Фабриката во најголем дел работеше со сопствени извори на средства, последниве години, поради потешкотии во одржувањето на ликвидноста, принудени сме да работиме и со краткорочни и*

*долгорочни задолжувања. Сите поголеми зделки Фабриката ги решава во директна врска со нашите партнери а зделките со заинтересирана страна преку наше учество како кооперант со други учесници на тендери во државата и надвор од државата.-----*

*По преземањето на Фабриката од страна на мнозинскиот акционер и неколкуте релативно добри години со произведени 35.000 (триесет и пет илјади) тони цевки и профили, Македонското производство се соочи со тежок удар од Европска Унија. При крајот на 2018 (две илјади и осумнаесетта) година, Европската Унија воведе контингени за нашиот вид на производи со што ја ограничи реализацијата кон земјите во ЕУ. Ова водеше кон намалување на реализацијата а следствено и на оствареното производство во* ***2019 (две илјади и деветнаесетта)*** *година, кое во однос на* ***2018 (две илјади и осумнаесетта)*** *година е намалено за 29% (дваесет и девет проценти). --------------------------------------------------------------------------------------*

*Нов удар врз нашата индустрија зададе и една од поголемите кризи која се случи ширум целиот свет - Пандемијата Совид (Цовид) 19.-----------------------------------------*

*Оваа криза го продолжи трендот на опаѓање на оствареното производство и во* ***2020 (две илјади и дваесетта)*** *година, каде што е остварено производство е намалено во однос на 2019* ***(две илјади и деветнаесетта)*** *година за 22% (дваесет и два проценти) .------------------------------------------------------------------------------------------*

*Најголемата разлика се почуствува во* ***2021 (две илјади дваесет и прва)*** *година, кога оствареното производство во однос на 2020* ***(две илјади и дваесетта)*** *година е намалено за 78%(седумдесет и осум проценти).----------------------------------------------------*

*Ефектите од изминатите години го наплатија својот данок. Во* ***2022 (две илјади дваесет и втора)*** *година оствареното производство евидентираше зголемување за скоро 113% (сто и тринаесет проценти) во однос на претходната година, кое нешто влеваше надеж за подобрување во иднина. Сепак деловната 2023* ***(две илјади дваесет и трета)*** *година не успеа да го задржи истиот тренд на производство. Физичките показатели укажуваат на намалување од речиси 63% (шеесет и три проценти) во однос на 2022* ***(две илјади дваесет и втора)*** *година.--------*

*Во деловната 2024* ***(две илјади дваесет и четврта)*** *година тој тренд на опаѓање на производство продолжи, со намалување на остварено производство од 55% (педесет и пет проценти) во однос на деловната* ***2023 (две илјади дваесет и трета)*** *година.------------------------------------------------------------------------------------------------*

*Од вкупно остварена реализација на цевки и профили во 2024* ***(две илјади дваесет и четврта)*** *година, 70% (седумдесет проценти) се продадени на странскиот пазар, или споредбено со 2023* ***(две илјади дваесет и трета)*** *година пад од 69% (шеесет и девет проценти), кое нешто се должи на рестриктивните мерки на ЕУ во поглед на активностите на Русија. 30% (триесет проценти) се продадени на домашниот пазар, а сето тоа е одлика на нискиот економски раст и високата инфлација во нашата земја.----------------------------------------------------------------------------------------*

*Во деловната 2024* ***(две илјади дваесет и четврта)*** *година, Фабриката оствари вкупен приход во износ од 73.658.108 (седумдесет и три милиони шестотини педесет и осум илјади сто и осум) денари и во споредба со 2023* ***(две илјади дваесет и трета)*** *година приходите се намалени за 63% (шеесет и три проценти), во поглед на остварени расходи, се покажаа трошоци од работење во износ од 150.030.132 (сто и педесет милиони триесет илјади сто триесет и два) денари и во споредба со 2023 (две илјади дваесет и трета) година истите се намалени за 48%(четириесет и осум проценти).------------------------------------------------------------------------------------------*

*Макроекономските услови во кои друштвото ја остваруваше својата активност во текот на 2024* ***(две илјади дваесет и четврта)*** *година беа условени од сложените геополитички односи, Војната во Украина, како и регионални блокади, посебно од нашето соседство.* ----------------------------------------------------------------------------------------

*Во наредниот период наш најголем предизвик и понатаму останува справувањето со зголемената инфлација како потешкотиите за реализација на странските пазари. Компанијата и покрај справувањето со предизвици ги превзема сите потребни активности во насока на остварување на поставените цели.*--------------

*Благодарам на Вниманието.”*----------------------------------------------------------------

По оваа, никој друг не се јави за збор па претседавачот ја стави предлог одлуката на гласање. -----------------------------------------------------------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање и Собранието со 302.258 (тристотини и две илјади двестотини педесет и осум) гласа за, едногласно го усвои и ја донесе следната: -----------

**ОДЛУКА**

**За усвојување и одобрување на Годишната сметка, Финансиските извештаи со Извештај на независниот ревизор, Годишниот извештај за работење на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО за 2024 година**

--------------------------------------------------Член 1--------------------------------------------------

Се усвојува и одобрува Годишната сметка на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО за годината која завршува на 31 декември 2024 година, со остварен финансиски резултат од работењето:-----------------------------------------------------------

1. Остварени приходи---------------------------------------------------73.658.108,00 денари
2. Остварени расходи--------------------------------------------------150.030.132,00 денари
3. Остварена загуба пред оданочување (1-2)------------------------ 76.372.024,00 денари
4. Данок на добивка----------------------------------------------------- -
5. Остварена загуба по оданочување (3+4) ---------------------------76.372.024,00 денари

--------------------------------------------------Член 2--------------------------------------------------

Се усвојуваат и одобруваат Финансиските извештаи на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО заедно со Извештај на независниот ревизор за годината која завршува на 31 декември 2024 година.----------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------Член 3--------------------------------------------------

Се усвојува и одобрува Годишниот извештај за работата на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО за годината која завршува на 31 декември 2024 година.

--------------------------------------------------Член 4--------------------------------------------------

Усвоената годишна сметка за 2024 година, Извештај на независните ревизори, Извештај за финансиска состојба, Извештај за сеопфатна добивка, Извештај за паричните текови и Извештај за промените во капиталот заедно со Годишниот извештај за работењето, Билансот на успех и Билансот на состојба од годишната сметка финансиски извештаи за 2024 година се составен дел на оваа Одлука.------------------------

--------------------------------------------------Член 5--------------------------------------------------

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.--------------------------------

Оваа одлука потпишана од претседавачот, *е прилог на овој записник*. Кон одлуката приложен е Годишен извештај за работата на ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово, *што е прилог на овој записник,* Финансиски извештаи, *што е прилог на овој записник,* Извештај за внатрешна ревизија за период 2024 година, *што е прилог на овој записник* и Финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор, *што е прилог на овој записник.*------------------------------------------------------------------------------------------------

**Т.2 Донесување на Одлука за покривање на загуба остварена по годишната сметка и финансиски извештаи за 2024 година;** ---------------------------------

Во врска со оваа точка претседавачот на Собранието истакна дека Собранието треба да донесе Одлука за покривање на загуба по годишната сметка и финансиските извештаи за 2024 година и отвори расправа по оваа точка. Никој не се јави за збор, па претседавачот ја стави предлог одлуката на гласање. --------------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање и Собранието со 302.258 (тристотини и две илјади двестотини педесет и осум) гласа за, едногласно го усвои и ја донесе следната: -----------

**О Д Л У К А**

**За покривање на загуба остварена по годишната сметка / финансиските извештаи за 2024 година**

----------------------------------------------------Член 1----------------------------------------------------

Загубата од работењето во 2024 година ќе се покрива од работењето на Фабриката во наредниот период.----------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------Член 2----------------------------------------------------

Се задолжува секторот Економика и Финансии да ги преземе сите потребни дејствија за спроведување на оваа Одлука.------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------Член 3----------------------------------------------------

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.----------------------------------

Оваа одлука потпишана од претседавачот *е прилог на овој записник*. ------------------------

**Т.3 Одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одбор на директори за 2024 година;** ------------------------

Во врска со оваа точка, претседавачот на Собранието истакна дека согласно член 384 став 5 од Закон за трговските друштва Собранието по завршување на деловната година задолжително одлучува за одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членови на Одбор на директори, при тоа за одобрување на работа на членови на Одбор на директори се гласа одделно за секој член, па претседавачот ги стави предлог одлуките на гласање. ---------------------------------------------

Предлозите беа ставени на гласање и Собранието со 302.258 (тристотини и две илјади двестотини педесет и осум) гласа ЗА, за секој предлог поединечно, едногласно ги усвои и ги донесе следните одлуки: -----------------------------------------------------------------------

**О Д Л У К А**

**За одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на член на Одбор на директори за деловната 2024 година**

----------------------------------------------------Член 1----------------------------------------------------

Се одобрува работата и водењето на работењето со Друштвото од страна на членот на Одбор на директори на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО во текот на 2024 година и тоа:-------------------------------------------------------------------------------------

- Александар Крстевски.-----------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------Член 2----------------------------------------------------

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.----------------------------------

Оваа одлука потпишана од претседавачот *е прилог на овој записник*. ------------------------

**О Д Л У К А**

**За одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на член на Одбор на директори за деловната 2024 година**

----------------------------------------------------Член 1----------------------------------------------------

Се одобрува работата и водењето на работењето со Друштвото од страна на членот на Одбор на директори на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО во текот на 2024 година и тоа:-------------------------------------------------------------------------------------------

- Драган Сарк.-------------------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------Член 2----------------------------------------------------

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.----------------------------------

Оваа одлука потпишана од претседавачот *е прилог на овој записник*. ------------------------

**О Д Л У К А**

**За одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на член на Одбор на директори за деловната 2024 година**

----------------------------------------------------Член 1----------------------------------------------------

Се одобрува работата и водењето на работењето со Друштвото од страна на членот на Одбор на директори на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО во текот на 2024 година и тоа:-------------------------------------------------------------------------------------------

- Марија Ивановска Николовски.-------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------Член 2----------------------------------------------------

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.----------------------------------

Оваа одлука потпишана од претседавачот *е прилог на овој записник*. ------------------------

**О Д Л У К А**

**За одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одбор на директори за деловната 2024 година**

---------------------------------------------------Член 1---------------------------------------------------

Се одобрува работата и водењето на работењето на Друштвото од страна на Одбор на директори на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО во текот на 2024 година.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------Член 2---------------------------------------------------

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.---------------------------------
Оваа одлука потпишана од претседавачот *е прилог на овој записник*. ------------------------

**Т.4 Разгледување и усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година и донесување на Одлука; -----------------------------**

Во врска со оваа точка претседавачот на Собранието истакна дека материјалите по оваа точка беа објавени на официјалната интернет страница на друштвото заради достапност на сите акционери, па отвори расправа по оваа точка. Никој не се јави за збор, претседавачот ја стави предлог одлуката на гласање. ------------------------------------

**О Д Л У К А**

**За усвојување и одобрување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година**

---------------------------------------------------Член 1---------------------------------------------------

Се усвојува и одобрува Извештајот на Службата за внатрешна ревизија за период 2024 година.------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------Член 2---------------------------------------------------

Составен дел на оваа одлука е Извештајот на Службата за внатрешна ревизија.

---------------------------------------------------Член 3---------------------------------------------------

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.---------------------------------
Оваа одлука потпишана од претседавачот *е прилог на овој записник*. ------------------------

**Т.5 Назначување на овластено друштво за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 година; ---------------------------------------------**

Во врска со оваа точка претседавачот на Собранието истакна дека согласно член 479 став 2 од ЗТД, Собранието на акционери избира овластено ревизорско друштво кое ќе изврши ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО за 2025 (две илјади дваесет и петта) година, од страна на Секторот Економика и финансии побарани се понуди за ревизија на годишна сметка и финансиски извештаи за 2025 (две илјади дваесет и петта) година од повеќе ревизорски куќи при што по разгледување на понудите од страна на Економика и финансии се предлага на Собранието да донесе одлука за назначување овластено друштво за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 (две илјади дваесет и петта) година и тоа ревизорската куќа ГРАНТ ТОРНТОН ДОО СКОПЈЕ, бидејќи нивната понуда е најповолна. Претседавачот ја стави предлог одлуката на гласање. ------------------------------------------------------------------------------------------
Предлогот беше ставен на гласање и Собранието со 302.258 (тристотини и две илјади двестотини педесет и осум) гласа за, едногласно го усвои и ја донесе следната: -----------

**О Д Л У К А**

**За назначување овластено друштво за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 година**

---------------------------------------------------Член 1---------------------------------------------------

За овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО за 2025 година, се назначува Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје.------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------Член 2---------------------------------------------------

Оваа Одлука ќе ја спроведе секторот Економика и Финансии.---------------------------

---------------------------------------------------Член 3---------------------------------------------------

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.---------------------------------
Оваа одлука потпишана од претседавачот *е прилог на овој записник*. ------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------

След ова, претседавачот на Собранието изјави, дека дневниот ред е исцрпен, па во дванаесет часот и четириесет минути, ја заклучи седницата на Собранието на АД. ---

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Записникот заедно со прилозите лично му ги прочитав на Претседавачот на Собранието кој раководеше со седницата, па во знак на одобрување своерачно го потпиша. ----------

**Претседавач: -------------------------------------------------------------------------------------**

**Максимовиќ Јелена с.р. -----------------------------------------------------------------------------**

---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Овој записник лично го составив и истиот е сочинет на девет страни на девет листа. На барање на учесникот, согласно член 101, став 4, од Закон за нотаријатот издаден му е еден извод кон кој се приклучени прилозите на записникот и согласно член 96, став 3 од Закон за нотаријатот, издадени се три изводи на учесникот, кон кои не се приклучени прилозите на записникот, а изворникот се чува во архивата на Нотарот. ----

Нотарската награда, согласно член 41 и 54 став 1 од НТ е пресметана во износ од 12.000,00 денари и материјален трошок во износ од 1.080,00 денари по член 52 од НТ.--

---------------------------------------------------------------------------------------------------------

ОДУ бр.236/25, во Куманово, на триесетти мај две илјади дваесет и петта година.---------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**НОТАР М-р Марјан Коцевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР МАРЈАН КОЦЕВСКИ КУМАНОВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
МАРЈАН
КОЦЕВСКИ
КУМАНОВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
МАРЈАН
КОЦЕВСКИ
КУМАНОВО